Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje,
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

# Ангажирање на консултант за тематска работилница за развој на капацитети кај дефинирани таргет групи

## -Опис на работната задача-

**ИМЕ НА ПРОЕКТОТ**: Развој на еколошко истражувачко новинарство во (IPA/2015/370-710)

**ДОНАТОР**: Делегација на Европска Унија во Скопје грантова шема "Поддршка на граѓанските организации Акција 2014 за градење на капацитетите на граѓанските организации и слобода на медиумите**"** -Europe Aid/136-992/DD/ACT/MK

**СПРОВЕДУВАЧ**: ФЛОРОЗОН – ЦЕНТАР ЗА ЕКОЛОШКА ДЕМОКРАТИЈА

**ЛОКАЦИЈА**: Струмица

**ПРЕДМЕТ:** Ангажирање на надворешен консулатнт од област а на животната средина

***Основни податоци***

Центарот за еколошка демократија Флорозон е формирана во 2005 година и е невладина, непрофитна и независна организација која што работи на промоција и заштита на пристапните права до животната средина на граѓаните, развојот на еколошката демократија и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, организацијата активно работи на промоција на човековите права за здравствена заштита, побезбедна животна околина и подобрување на квалитетот на живот, како на домашно, така и на меѓународно ниво. Активностите на ЦЕД Флорозон вклучуваат и други области кои што се поврзани со животната средина како што е земјоделството и руралниот развој. Организацијате е како членка на Иницијативата за пристап (TAI) и Европскиот Еко-Форум а тесно соработува со EMLA од Унгарија, Светскиот Институт за Ресурси(WRI) од Вашингтон и Access Info Europe од Шпанија.

***Цел на проектот:***

Сеопфатната цел на овој Проект е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиски куќи во државата.

***Специфични цели на проектот:***

- развој на истражувачко новинарство базирано на соработка помеѓу граѓанските организации и медиските куќи;
- создавање на функција на надгледувач која ќе се спроведува преку воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство;
- подобрено еко-новинарство засновано на соработка, вмрежување, размена на релевантни информации како и овозможување на финансиска поддршка.

За да се постигнат горенаведените цели, се очекува проектот да ги испорача следните резултати:

*Резултат 1*: Изградени капацитети на сите чинители засегнати со проектот во однос на обезбедување на релевантни информации поврзани со животната средина во државата.

*Резултат 2*: Воспоставено и целосно функционално партнерство помеѓу граѓанските организации и медиумите.

*Резултат 3*: Подобрен пристап до релевантни информации поврзани со животната средина до јавноста преку воведување на ефикасни методи на граѓанско и истражувачко новинарство.

## 1. ПОЗАДИНА НА ТЕМАТСКАТА ЕКСПЕРТИЗА

За да се постигнат очекуваните резултати на проектот, преку спроведување на Анализа на потребите се определи формата и содржината на активностите за подигање на капацитетите кај проектните таргет групи. Имено, согласно заклучоците произлезени од анализата, неопходно е дополнително зголемување на постоечките капацитети на граѓанските организации кои работат на полето на животната средина, медиумите, медиумските организации и нивни претставници како и на организациите кои работат на заштита на маргинализираните групи во областа на политиките на животната средина.

## 2. ЦЕЛИ НА ЕКСПЕРТИЗАТА

This project is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

- Развој на капацитетите на проектните таргет групи во областа на политиките на животната средина

## 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Подготовка на три модули за развој на капацитети кои ќе бидат аплицирани на дводневна работилница на која ќе присуствуваат 30 претставници на таргет групите. Модулите треба да понудат детални информации кои се однесуваат на:
  - Општата состојба во животната средина (законска рамка, меѓународни договори, степен на апроксимација на европското законодавство)
  - Клучната секундарна легислатива која овозможува пристап на јавноста до информации за животната средина и нејзино учество во процесот на донесување на одлуки
  - Надлежности на централната и локалната власт vis-à-vis мониторингот и управувањето со животната средина
  - Улогата на маргинализираните групи во управувањето и заштитата на животната средина и нивниот социјален статус во општеството

## 4. ТАРГЕТ ГРУПИ

Граѓански организации кои работат на полето на животната средина, граѓански организации кои ги застапуваат интересите на маргинализираните групи и претставници на медиумите и нивните куќи.

## 5. ЛОКАЦИЈА

Струмица

## 6. ПЛАН И ОБЕМ НА РАБОТА

- Развој на модул преку кој ќе ја одразува моменталната состојба на животната средина во државата
- Развој на модул кој ќе даде преглед на генералната законска рамка за животна средина посочувајќи ја клучната секундарна легислатива и надлежностите на централната/локалната власт
- Развој модул кој ќе го прикаже влијанието и улогата на маргиналните групи во животната средина
- Завршен извештај за спроведената задача

This project is funded under the grant scheme “Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

## 7. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата на спроведување на задачата е базирана на трансфер на знаење. Избраниот консултант ќе треба да изготви работна агенда за дводневната работилница и при релизацијата на истата неопходно е ги користи сите расположливи иновативни алатки во насока на анимирање на таргет групата. За секој модул треба да изготви Power Point презентација која покрај во дигитална, треба да биде достапна и во печатена форма. Информациите содржани во модулите мора да бидат ажурирани, а во насока на нивната релевантност треба да се наведе изворот на нивното обезбедување. Мерливоста на успешноста на работилницата ќе се мери преку прашалник за евалуација кој експерот треба да го подготви и дисеминира пред затворањето на работната агенда.

## 8. ВРЕМЕНСКА РАМКА

За потребите на оваа активност, предвидени се вкупно пет дена т.е. два дена подготвителни активности (подготовка на материјали и презентации), два дена имплементација и еден ден евалуација и завршен извештај.

## 9. НАЧИН НА КООРДИНАЦИЈА

Избраниот консултант е должен да води интензивна комуникација со договорувачот на задачата.

## 10. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

Надворешните консултанти или консултантски компании кои се заинтересирани да соработуваат со Проектот "Развој на еколошко истраувачко новинарство" можат да ги поднесат потребните документи на следните e-mail адреси: ivana@florozon.org.mk and contact@florozon.org.mk, или лично на Ул. Васил Ѓоргов бр. 11 (втор спрат).

Кандидатите потребно е да ги имаат следните квалификации:

- Минимум 5 години искуство во соодветната област (животна средина, јавни политики, учество во креирање на закони, понавање на ЕУ регулативата во однос на животната средина);
- Соодветна универзитетска диплома;
- Широко искуство во развој и спроведување на тренинг курикулум;

**Консултантските компании треба да ги поднесат следните документи:**

- Портфолио на компанијата

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje,
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

- Методологија и организација за предложената активност
- Цена за понудената услуга **без ДДВ**

**Индивидуалните консултанти треба да ги поднесат следните документи:**

- Работна биографија
- Краток опис кој ќе укаже дека го поседуваат соодветното професионално знаење и искуство за да учествуваат во горенаведените проектни активности
- Методологија и организација за предложената активност
- **Бруто цена** за понудената услуга

## 11. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

- Портфолио/работна биографија **30 поени**
- Квалитет на понудата (методологија и организација) **40 поени**
- Понудена цена **30 поени**

ВКУПНО МОЖНИ ПОЕНИ 100.

Понудата со најмногу освоени поени ќе биде земена предвид за разгледување и склучување договорот.

This project is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Action 2014
EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK